**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-05/07**
**Датум: 09.07.2020 година**
**Кочани**

# ООУ ,,Кочо Рацин “ – с.Блатец

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | **од 10 до 12.02. 2020 година** |
| **Број на извештај:** | **02/02 /2020 година** |
| **Раководител на инспекциски тим:** | **Зоранчо Горгиев** |
| **Вид на училиштето:** | **Општинско училиште** |
| **Подрачни училишта** | **1** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Виница** |
| **Наставен јазик:** | **Македонски јазик** |
| **Број на ученици:** | **68** |
| **Полова структура на ученици:** | **34 машки и 34 женски** |
| **Број на наставници:** | **26** |
| **Претседател на училишниот одбор:** | **Михаела Воинова** |
| **Директор на училиштето:** | **Снежана Арсова** |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | **од 25 и 26.01.2017 година** |
| **Адреса на училиштето:** | **с. Блатец** |
| **Телефон:** | **033-371-319** |
| **Факс:** | **033-371-319** |
| **e-mail:** | **kocoracin_blatec@yahoo.com** |
| **оценка од интегрална евалуација** | **2.85 добар** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013 , 41/2014, 33/2015 и 145/2015, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 10 до 12 февруари 2020 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Кочо Рацин“ с.Блатец.

Државните просветни инспектори за време на Интегралната евалуација во училиштето оствarија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор, Совет на родители и Ученичката заедница. Се водеа разговори со фокус групи на ученици, наставници и членови на тимот за изготвување на Самоевалуацијата и Програмата за развој.

Инспекторите посетија 21 наставни часови кај исто толкав број на наставници во училишта (посетата се изврши по половина час кај секој наставник). Не се посетени 5 наставници бидејки немаат часови по распоред за време на Интегралната евалуација

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Кочо Рацин“ с.Блатец е **2.85 добро[1].** Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба во училиштето која е извлечена од евалуацијата на сите седум подрачја кои беа во фокусот на внимание на инспекцискиот тим. За ваквата оценка придонесува согледувањето на објективните, но и субјективните причини. Инспекцискиот тим вниманието повеќе го посвети, како на објективните, така и на субјективните причини кои значително влијаат на општата оценка на работењето на училиштето и можат во иднина да влијаат на позитивниот развој на училиштето. Во анализата на субјективните причини, потврдено е дека сите субјекти кои го сочинуваат воспитно-образовниот процес, управата на училиштето, наставниците, учениците, родителите и пошироката заедница, подеднакво се заслужни за квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Училиштето ги реализира наставните планови и програми според пропишаниот обем, предложени од Биро за развој на образование, а донесени од Министерството за образование и наука и воедно се применуваат учебници одобрени од Министерството за образование и наука. Учениците од прво до деветто одделение по наставните предмети математика, физика, биологија, хемија и природни науки следат настава по нови наставни програми, превземени и адаптирани од наставните програми по Кембриџ.

За учениците од прво до трето одделение не се реализира проширена програма во централното и подрачните училишта.

Содржините во најголем број наставни програми овозможуват постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието, и ги вклучуваат точките на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.02-215/3 од 10.09.2019) кој има изготвено програма за работа. Во училиштето се реализира настава за 3 ученици со посебни образовни потреби во 2 посебни паралелки ( I доV одд. со 1 ученик, VI до IX одд. со 2 ученика). За работа со овие паралелки училиштето има добиено акт за верификација на дејноста, бр.12-1313 од 11.05.2018 година во училиштето има

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

вработено дефектолог кој работи ако одделенски наставник со ученикот со посебни образовни потреби. Двајца ученици со посебни образовни потреби посетуват настава во редовни паралелки и тројца ученици се со потешкоти во учењето за нив се изготвува ИОП.

Постапката за избор на изборните наставни предмети се спроведува во согласност со насоките дадени од страна на Биро за развој на образованието. Изборот го вршат учениците и нивните родители од листа на предмети преку анкетирање.

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат воннаставни активности: ученичките натпревари, активности на ученичката заедница, општествено корисна и хуманитарна работа, ученичките екскурзии и слободните ученички активности. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат по сопствена желба и интерес.

Во училиштето нема регистриран Училишен спортски клуб. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

Од анонимната анкетата што беше спроведена со сите наставници и определен број на ученици и родители, како и од разговорите со фокус групите, може да се констатира дека најголемиот број наставници сакаат да работат во ова училиште, дека постои добра комуникација меѓу вработените и дека училиштето е добро раководено. Најголемиот дел од наставниците сметаат дека соработката со родителите е добра, дека на учениците им даваат повратни информации, а учениците се одговорни кон наставата. Најголемиот број од родителите сметаат дека нивните деца сакаат да учат во ова училиште, дека наставниот кадар редовно им ги кажува добрите страни за нивните деца и навремено ги известува за нивниот напредок. Најголемиот дел од родителите сметаат дека хигиената во училиштето е добра. Училишниот двор е во голема мера среден.

Најголем број од анкетираните ученици се изјаснија дека предавањата на наставниот кадар се јасни, од нив добиваат добри совети и ги пофалуваат.

Учениците се задоволни од односот на наставниците, дисциплината и од хигиената во училиштето.

Најголемиот број од учениците постигнуваат добри резултати. Општ е впечатокот дека наставниците ги поддржуваат учениците кои се истакнуваат со својата посветеност и учење, но евидентна е и поддршката за учениците кои не се доволно активни и со нив се работи на планот на подобрување на успехот.

Интеракцијата и изборот на форми и методи во наставата е добра. Интеракцијата меѓу наставниците и учениците, како и приодите на наставниците кон учениците е добар. Поголемиот број од наставниците применуваат современи форми и методи на оценување на учениците, стандарди, критериуми, портфолија и слично.

Наставниците и учениците се запознаени дека во училиштето е забрането секаков вид на насилство. Родителите истакнуваат дека нивните деца во училиштето се безбедни, како од физички аспект, така и од аспект на влијанија на недозволени пороци.

Во училиштето има двајца вработени обучени да дава прва помош на учениците при несреќни случаи во централното училиште.

Во централното училиштето има организирана исхраната на учениците и вработените во сопствена кујна. Во подрачното училиште во с.Липец, учениците со храна се снабдуваат од околните продавници кој се во непосредна близина на училиштето или од дома.

Хигиената во тоалетите е на добро ниво**.**

Поголемиот дел од наставниот кадар ужива добар респект кај родителите и учениците, а најголемиот дел од наставниците се идентификуваат со училиштето.

Родителите се изјаснија дека се задоволни од ангажманот на наставниците, од раководењето, од хигиената и одржувањето на училниците.

Училиштето остварува добра соработка со локалната заедница и со бизнис секторот, учествувало на повеќе манифестации како поддршка на локалните иницијативи.

Просторните капацитети во ООУ „Кочо Рацин" с.Блатец се добри и ги задоволуваат потребите од училишен простор, како во централното училиште така и во порачното училиште.

Во рамките на училиштето има фискултурната сала со површина од 729 м2 со стандардна висина, санитарни јазли гардероба, мала сала, трибини за гледачи и др.простории. Хигиената во фискултурната сала е добра. Кога временските услови се поволни наставата се реализира на отворените спортски терени.

Училиштето систематски го следи и подржува професионалниот развој на наставниците.

Училишниот одбор ги извршува своите обврски и презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците. Директорот на училиштето е посветен на идентификација на слабите страни на училиштето и презема активности за нивно надминување. Директорот е посветен и одлучен, зацртаните училишни политики да се реализираат. При донесување на важни одлуки секогаш го информира Училишниот одбор.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Директорот на училиштето има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата при што се потпира на најновите знаења и вештини стекнати преку обуки.

Училиштето има изработено Самоевалуација архивски број 01-333 од 12.11.2018 година за периодот од две години. Во самоевалуацијата се набележани клучните јаки страни, и клучните слаби страни. Училиштето издвоило идни активности и приоритетни подрачја, кои се внесени во Планот за развој.

За учебната 2019/2020 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа архивски број 01-209/1 од 30.08.2019 година, во законскиот рок и истата е усвоена од Советот на Виница.

Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето за периодот од 2016 година до 2020 година архивски број 01-185/1 од 03.08.2016 година.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 01-166/1 од 19.06.2019 година, Училишен одбор има донесено нов статут бр.01-22/01 од 23.01.2020 годни и доставен до локалната самоуправа на општина Виница.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Во општинското основно училиште “Кочо Рацин“ с.Блатец, општина Виница покрај редовната настава има и две паралелки за ученици со посебни образовни потреби.

За учениците со посебни образовни потреби кои се од други општини е обезбедено сместување и престој во Ученички дом.

Училиштето во својот состав има подрачно петгодишни училишта во с.Липец.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик во една смена.

Наставниот процес од прво до деветo одделение го реализираат 26 наставници од кои: 7 наставници и 1 дефектолог во одделенска и 18 наставници во предметна настава.

Во стручната служба на училиштето е вклучен педагог, а три воспитувачи работат во Ученичкиот дом со учениците со посебни потреби, по завршувањето на наставата.

Наставата во централното училиште се реализира во 13 училници и 2 кабинета.

Во оваа учебна година се запишани 68 ученици, во 13 паралелки, од кои: десет чисти паралелки, две комбинирани паралелки во подрачните училишта и една комбиниран паралелки за ученици со посебни потреби

Училишната зграда на централното училиште е изградена во 1935 година и зафаќа корисна површина од вкупно 914 $м^2$ и дворна површина од 6567 $м^2$, во чиј состав се наоѓа и ограден спортски терен за кошарка.

Училиштето е основано со акт бр. 1061-1146 од 28.05.1985 година, донесен од Собрание на општина Виница.

Училиштето е верифицирано акт за верификација од 28.05.1985 година со бр. 1067-1146, донесен од Одделение за општа управа и општествени дејности на Општина Виница. Паралелките за ученици со посебни образовни потреби се формирани со Одлука на Совет на училиштето, бр.0202-343 од 02.12.1980 година. Училиштето има обезбедено верификација за дејноста образование за ученици со посебни образовни потреби во овие издвоени паралелки бр.12-1313 од 11.05.2018 година.

Систематизацијата на работните места е со бр. 01-282/2 од 04.11.2015 година. и добиена согласност од Министерство за информатичко опшество со дел.бр.12/6-1855/3 од 18.04.2016 година.

Решението за упис на училишниот правен субјект во централниот регистар е со деловоден број 30920140000762 од 27.01.2014 година, со ЕМБС 4041305.

Училишниот Библиотеката има фонд од 1097 наслов (7 540 книги), добри просторни услови и богат книжниот фонд. Во библиотеката се вработени три наставника кој доплнуваат до полно работно време.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставни планови и програми

Во ООУ „Кочо Рацин“ – Блатец, наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. За реализација на настава во посебни паралелки за ученици со посебни образовни потреби се применуваат адаптирани наставни програми. Наставните планови и програми во најголем дел се реализираат во пропишаниот обем.

Училиштето ги информира родителите за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование на првите родителски средби и на Совет на родители. На почетокот на учебната година се изработува брошура за учениците и родителите, која содржи информации за мисијата и визијата на училиштето, организацијата на работата, информации за наставата, советувањето на родителите, како и делови од куќниот ред и кодексите на однесување на сите структури, правата и обврските на учениците.

Од учебната 2014/2015 година почнува изучувањето на предметите математика и природни науки според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ. Наставната програма по предметот математика е поделена на пет подрачја, и се реализира со фонд од 5 часа неделно, или 180 часа годишно. Наставната програма по природни науки е застапена во четири содржински области: научно истражување, биологија, хемија и физика, и се реализира со фонд од 2 часа неделно, или 72 часа годишно.

Во училиштето се реализира програмата „Образование за животни вештини", со вкупен фонд од 36 часа. На часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители, се спроведуваат активности, предавања и работилници кои се евидентираат во дневниците на паралелките, но кај најголем дел од нив во наставничките портфолија нема доказен материјал од реализација на работилниците согласно програмата и прирачникот.

Во рамки на програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието, формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира активностите. Контактите со партнер училиштето ООУ„Врапчиште“, општина Врапчиште постојат, но директна соработка со меѓусебни посети и заеднички активности нема. Во училиштето се реализираат самостојни МИМО активности согласно Акциониот план. Најголем број од наставниците во тематските планирања имаат интегрирано содржини по предмети во редовна настава, се реализираат работилници на одделенските часови. Поставена е иконографија во холот на училиштето и изменети се мисијата и визијата.

Училиштето е вклучено во Програмата ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем". Формиран е Еко одбор, кој има изготвено програма за работа со активности и поставени цели за реализација на еколошки проекти со вклученост на точките на акции од воспоставените еко-стандарди. Од учебната 2018/2019 година, покрај четирите, вклучени се и два нови еко стандарди – 5 Отпад и 6 Транспорт. За реализација на дел од активностите во планот: одбележување на значајни еколошки датуми, следење на состојбата со животната средина, одржување на здрава и чиста животна средина, соработка со медиумите, дистрибуција на изработени летоци и флаери и слични активности редовно се спроведуваат еко-патроли од страна на учениците од различни возрасни групи. Активностите на еко-патролата се фотографираат, документираат во пишани извештаи или се прави видео запис од активностите.

Училиштето е вклучено и во проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“. Формиран е тим кој изготвил програма за работа. Со учениците од VIII и IX одделение од страна на педагогот, наставник по граѓанско образование, македонски јазик и ликовно образование, како и предметни наставници се реализираат работилници за запознавање со основните поими: корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок и етичност, драматизација, изработка на плакат. Содржини од програмата Антикорупциска едукација на учениците се интегрираат во наставните содржини по предметот Граѓанско образование.

Од оваа учебна година училиштето е вклучено во Програмата „Училишта на 21 век“. Помината е обука на тројца наставници за развивање на критичко размислување и решавање на проблеми во училиштата, и доставени се Микро:битови. Со активностите за реализација на програмата не е отпочнато. На 8 компјутери во кабинетот по физика бил инсталиран Windows 10 со рок од 90 дена, но откако не дошла екипа од МОН за лиценцирање во определениот рок, повторно е инсталиран Windows 7 за да може да се реализира настава со примена на ИКТ.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.02-215/3 од 10.09.2019) кој има изготвено програма за работа. Во училиштето се реализира настава за 3 ученици со посебни образовни потреби во 2 посебни паралелки ( I доV одд. со 1 ученик, VI до IX одд. со 2 ученика). За работа со овие паралелки училиштето има добиено акт за верификација на дејноста, бр.12-1313 од 11.05.2018 година. Во паралелката со посебни потреби од прво до петто одделение наставата ја реализира соодветен наставен кадар - дипломиран дефектолог, олигофрено педагог. За 2 ученика од шесто до деветто одделение, уште од 1980 година, настава реализира постојниот наставен кадар кој нема дефектолошка наобразба како што е предвидено со наставните програми. По завршување на наставата 2 ученици се згрижени во ученички дом и со нив работат 3 воспитувачи. Во училиштето има 2 ученика (IV и Vодд.) со наод и мислење, вклучени во редовните паралелки со процесот на инклузија. Формирани се инклузивни тимови за ученик (бр.02-215/1 и 02-215/2 од 10.09.2019). Со нив се работи по изготвен индивидуален образовен план (ИОП).

Составен дел на Годишната програма за работа на училиштето е Програма за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици. Но, училиштето нема воспоставено систем на идентификација и работа со надарени и талентирани ученици, поради тоа што нема соодветни инструменти за идентификација и обуки за работа со овие ученици. Овие ученици се препознаваат во редовната настава и со нив се работи на додатна настава за нивно подготвување за учества на натпревари.

Во училиштето има воспоставена процедура за избор на три предмети преку анкетирање на родителите и учениците. Изборот на предмети е според наставниот план и програма. На состанокот со членовите на ученичкиот парламент учениците изјавија дека при изборот се насочуваат да ги изберат предметите за кои има наставен кадар, а неполн фонд на часови, и не секогаш се почитуваат нивните интереси.

Во училиштето покрај редовната настава се реализира дополнителна и додатна настава согласно распоред кој се изготвува на месечно ниво, и часови за слободни ученички активности.

Во училиштето нема организирано продолжен престој и не се реализира проширена програма за прифаќање и заштита на учениците еден час пред и после завршувањето на редовната настава.

## 1.2.Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето се негува етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми.

Годишна програма за работа ги содржи елементите за квалитетно остварување на воспитно-образовната работа и истата се имплементира во најголем дел. Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата кај поголем број наставни програми. Имплементацијата најчесто се остварува преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за локалната средина.

Училиштето разгледува мислења и дискутира за наставните планови и програми преку формалните органи, но нема покренато иницијатива за изменување или дополнување на истите. Наставници и родители, членови на Советот на родители, дадоа забелешка на обемноста на наставните планови и програми кои ги изучуваат учениците, нивна неусогласеност со возраста на учениците, големиот број на часови, како опременоста на училиштето со соодветни нагледни средства за реализација на Кембриџ програмата, но не покренуваат иницијативи за нивно изменување или дополнување.

### 1.3.Вонаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат разновидни вонаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Реализацијата на вонаставните активности во изминатите три учебни година е добра.

Учениците се вклучуваат во изборот на вонаставните активности според своите афинитети. Во училиштето се реализираат слободни ученички активности со одговорни наставници кои имаат изготвено програми за работа. Учениците членуваат во следниве секции: литературна, драмско-рецитаторска, ликовна, спортска, млади математичари, музичка, фолклорна секција, хор и оркестар.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво организирани од страна на акредитирани здруженија на наставници. Училиштето има изготвено програма за ученички натпревари која е составен дел од Годишната програма за работа. Активно се зема учество и на распишани општински, државни литературни и ликовни конкурси. Учениците работат на проекти и иницијативи од еколошка природа. За афирмирање на вонаставните активности се користат регионалните ТВ Канал + и Канал 8, МРТВ, патрониот празник на училиштето, facebook страна на училиштето, општински весник Винеам.

Училиштето планира реализација на ученички екскурзии како една од формите на вонаставна активност. Со учениците од III, VI и IX одделение се организира екскурзија од воспитно – образовен, културно - забавен и рекреативен карактер. Планирањето и подготовката на истите се врши според Правилникот за организирање на екскурзии.

Училиштето нема регистрирано Училишен спортски клуб.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците и изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците по пол, етничка припадност, наставни предмети и одделенија за учениците од IV до IX одделение. Училишниот педагог изготвува и табеларен преглед, во кој се дадени податоци, колкав број на ученици се описно оценети.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната 2016/2017 година, изнесува 4,14, во учебната 2017/2018 година, изнесува 3,98 и 4,04 во учебната 2018/2019 година.

Училиштето ги следи и постигањата на учениците во паралелките со посебни потреби и изготвува прегледи во кои се дадени податоци за средниот успех на учениците по одделенија. Во учебната 2019/2020 година, во посебните паралелки запишани се тројца ученици, ( V одделение - 1 ученик, VI одделение - 1 ученик, IX одделение - 1 ученик).Постигањата на учениците со посебни образовни потреби се следат и индивидуално, за што се изготвува извештај за секој ученик од страна на училишниот педагог, дефектолог и наставниците.

Училишниот педагог изготвува прегледи со ги анализира постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, од каде може да се констатира дека постои намалување на успехот, кај мал број на ученици при премин во предметна настава. Се прибираат податоци и се вршат анализи за постигањата на учениците по завршување на прва и четврта година средно образование, по што може да се утврди дека успехот на мал број ученици се намалува при преминот и по завршување на средното образование

Во учебната 2019/2020 година, во редовната настава се вклучени тројца ученици со потешкотии во учењето. Училишниот педагог ги следи постигањата на учениците, за што пополнува Образец за евиденција на реализирана индивидуална поддршка на ученик.

Во училиштето во последните три учебни години, не се идентификувани надарени и талентирани ученици.

За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, се организира дополнителна настава. Училиштето изготвено месечен распоред за дополнителна и додатна настава, кој во одделенска настава се реализира во пропишаниот обем. Во предметна настава, часови од дополнителна и додатна настава реализираат поголем број наставници.

Училишниот педагог и наставниците се запознаени со постапката за советување на родители, доколку има појава на ученици кои имаат негативна оценка по три или повеќе предми, несоодветно се однесуваат или нередовно ја посетуваат наставата.

Во последните три учебни години, само во учебната 2018/2019 година, извршено е советување на еден родител, по основ на нередовна посета на настава од страна на ученик. Постапката за советување ја врши училишниот педагог, за што води уредна евиденција и документација.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

Во учебната 2018/2019 година, учествувале на општински, регионални и државни натпревари по природни науки, биологија, физика, математика и македонски јазик на кои имаат освоени прво, второ и трето место или се имаат стекнато со пофалница.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно дадени критериуми во Правилникот за оценување, наградување, полагање испити, видови пофалби и

награди и педагошки мерки, (бр. 02-12/2 од 04.01.2011 година), кој се наградува со награда обезбедена од училиштето. На патрониот празник на училиштето, се наградуваат и учениците кои учествувале на натпревари и имаат освоено прво, второ и трето место.

### 2.2. Задржување и осипување на учениците

Училиштето ги опфаќа учениците од Блатец, Липец и Лаки.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи, преку Државниот просветен инспекторат и од Здравствен дом Виница.

До родителите се испраќаат покани за запишување на детето во основно образование, со кои се информираат за потребната документација и датумот за упис.

Уписот и тестирањето на децата го врши комисија формирана од директорот.

Во учебната 2019/20 година запишани се 10 ученици, (од 22 деца од списокот на МВР, запишани се 8 ученици и 2 ученици кои не се на списокот) и 14 ученици се заминати во странство или се запишани во друго училиште.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Најчести причини за намалувањето на бројот на ученици е иселувањето и заминувањето во странство, како и запишување на учениците во друго училиште. Во текот на учебната 2016/17 испишани се 5 ученици, во 2017/18 испишани се 3 ученици и во учебната 2018/19 испишани се 5 ученици. Евидентирана е појава и на запишување на ученици од други училишта или од странство. Во учебната 2017/18 запишани се 3 ученици и во учебната 2018/19 година, запишан е еден ученик. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

За учениците кои заминале во странство училиштето нема повратна информација дали истите го продолжиле своето образование.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци по ученик во последните три учебни години изнесува: во учебната 2016/17 година, 7,6 изостаноци по ученик од кои 6,9 оправдани и 0,7 неоправдан изостаноци по ученик, во 2017/18 година, 12,2 изостаноци од кои 11,6 оправдани и 0,6 неоправдан изостаноци по ученик и во учебната 2018/19 година, 10,7 изостаноци по ученик, од кои 10,2 оправдани и 0,5 неопрадан изостаноци по ученик.

### 2.3. Повторување на ученици

Годишните извештаи и споредбените анализи покажуваат дека во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината, ученици кои со една или две слаби се упатени на поправен испит и ученици упатени на одделенски испит .

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување на жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од одредени оценки на крајот на учебната година. Во последните три учебни години, не се поднесени приговори до Наставнички совет, поради незадоволство од оценки.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот во годишната програма за работа. Годишните и тематските планирањата на наставниците се следат на почетокот на учебната година, при што се користи инструмент за следење со јасни критериуми за квалитет на планирањата. Кај најголем број наставници планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. За евентуалните пропусти, наставниците се известуваат, а пропустите кај најголем број наставници се отстрануваат. Освен за редовната настава наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, слободни ученички активности, план за реализација на Програмата образование за животни вештини на одделенските часови, планови за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини, интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

Училиштето им овозможува на наставниците користење на стручна литература и материјали за планирањето на наставните часови, одржување состаноци и давање упатства за изготвување на планирањата, советодавно-консултативна работа на стручната служба, семинари организирани од страна на БРО, стручни совети како резултат на следење и анализа на дневните подготовки. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрирано образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Училиштето не остварува соработка со посебни училишта и други релевантни институции за изработка на индивидуални образовни планови. Раководителите на паралелките имаат изготвено планирање за реализација на програмата Образование за животни вештини за одделенски час, но најголем број немаат документација како доказ за реализација на работилниците со учениците. Мал број од наставниците се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

Наставниците редовно изготвуваат дневни подготовки за час кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата и начинот на оценување се јасни, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.

Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи во училиштето и со колеги од други училишта од општината.. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници.

Училиштето изработува месечен распоред за додатна и дополнителна настава.

### 3.2. Наставен процес

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка.

Со Проектот на Владата на РСМ „Компјутер за секое дете“ училиштето добило вкупно 56 монитори, 24 мали лап-топ компјутери и 25 лап-топ за наставници. Во училиштето функционални се 8 монитори распоредени во кабинетот по физика. Од малите лаптопи функционални се 18 за одделенска настава, но со постојано вклучување во струја. Поголем број од наставниците ги користат сопствените компјутери за изработка на подготовки и планирања на наставата. Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата, но реализација на ИКТ на наставните часови е отежната поради малиот број на функционални компјутери во училиштето.

Стручните соработници во училиштето и наставниците ги идентификуваат учениците со ПОП уште при уписот во прво одделение, користејќи соодветни инструменти и прибавувајќи потребни информации од родителите.

Училишниот инклузивен тим има изработено програма за работа и акциски план за инклузија на деца со ПОП. Во училиштето има 2 ученика (IV и Vодд.) со наод и мислење, вклучени во редовните паралелки со процесот на инклузија. Формирани се инклузивни тимови за ученик. Со нив се работи по изготвен индивидуален образовен план (ИОП). Не се врши евалуација на ИОП. Во паралелката со посебни потреби од прво до петто одделение наставата ја реализира соодветен наставен кадар - дипломиран дефектолог, олигофрено педагог. За 2 ученика од шесто до деветто одделение во посебна паралелка, настава реализира постојниот наставен кадар. Поголем број од наставниците кои работат според ИОП не водат посебни портфолија за учениците со ПОП и не водат уредна документација и евиденција за работата со овие ученици.

Изборот на задачи и активности за време на часот не секогаш е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголем број од наставниците користат одобрени учебници, прирачен материјал и расположливи ресурси.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и поголем број наставници успеваат да создадат активна работна атмосфера.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло, етничка и религиска припадност.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на директорот и стручната служба. Најмалку еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес. Не се следи реализацијата на додатна и дополнителна настава.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и во училиштето, и истите редовно се менуваат. Во холот

е поставена иконографија како активност во рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Училиштето ги ангажира учениците во воннаставни активности, општествено корисна работа, учество на општински, регионални и државни натпревари, учество на интерни конкурси, како и конкурси организирани од општината, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Формиран е Ученичкиот парламент, кој има изберено раководство, има изготвено програма за работа, изберени се двајца претставници за учество во работата на училишен одбор, како и ученички правобранител. Од одржаните состаноци се водат записници Според нив училиштето низ организирани форми поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците, вработените, локалната заедница. Училиштето им овозможува на учениците низ организирани форми да иницираат активности и преземаат одговорност во и надвор од наставата.

Учениците сметаат дека интеракцијата меѓу учениците е добра.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат образовните потреби како и пречки во процесот на учење на учениците, но не преземаат доволно активности за исполнување на потребите и/или отстранување на пречките. Со учениците кои имаат тешкотии во учењето, стручната служба и наставниците водат индивидуални разговори, како и разговори со родителите. За учениците со посебни образовни потреби, во согласност со родителите се изработуваат индивидуални образовни планови. Се организира дополнителна настава која се реализира кај најголем број од наставниците во одделенска настава. Училиштето има потреба од обуки, дополнителна стручна литература, прирачници и инструменти за работа со ученици со ПОП.

Поддршката на учениците со потешкотии во учењето во редовна настава, во смисла на задавање на диференцирани задачи за време на часовите како и за домашна работа се применува од мал број наставници.

Додатна настава најчесто се реализира за подготовка на ученици за натпревари или како подготовка за тестирање. Процесот на идентификација и работа со надарени ученици е отежнат поради немањето на обуки и соодветни инструменти за проценка.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување, но сметаат дека на крајот на учебната година се ставаат повисоки оценки кај дел од учениците кои во текот на годината не покажале одговорен однос кон учењето.

Поголем број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Најголем дел континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците во сопствени тетратки или на посебни евидентни листови. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно.

Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Сепак, не сите наставници ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите, и распоред за консултација со наставниците.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1. Севкупната грижа за учениците

Инфраструктурата во училишните згради во с. Блатец и с.Липец се безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците.

Пристапот во училишните згради не е прилагоден за влез на лица со телесни пречки во развојот, не е поставена пристапна рамапа.

Тројца наставници од училиштето се обучени за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи.

Училиштето има и План за заштита и спасување од природни непогоди, (бр.03-302/3 од 17.11.2014 година и Планот за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, (бр.03-302/2 од 17.11.2014 година, на кои позитивно мислење има дадено Дирекцијата за заштита и спасување, бр. 10-189/2 од 04.12.2014 година.

Во училиштето е означен правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода и на двата спрата во училиштето е поставена Шема за евакуација. Вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на пожар е спроведена на 19 октомври 2018 година.

Училишната зграда во с. Блатец е обезбедена со 3 камери од видео надзор (внатрешен и надворешен видео надзор). За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците.

Во централното училиште и во спортската сала се поставени 3 хидрант и 7 противпожарни апарати ( 2 во училишната зграда, 3 во спортска сала и 2 во ученичкиот дом) и во училишната зграда во с.Липец се поставени само 2 противпожарни апарати. Последно сервисирање е извршено на 20.09.2019 година од страна на овластен сервисер. За ракување со противпожарните апарати и хидранти е овластен училишниот домаќин.

Училиштето има поставено и громобранска инсталација, на која редовно се врши контрола на мерење на отпор на громобранско заземјување, од страна на стручни лица.

Училиштето склучило договор за осигурување на учениците и вработените со осигурителна компанија. При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците, биле вклучени Советот на родители.

Зградата на централното училиште и подрачните училишта се осигурани преку осигурителна компанија АД Евроинс осигурување.

Во централното училиштето има организирана исхрана за учениците и учениците сместени во ученичкиот дом. Се врши редовна контрола на здравствена безбедност на храната и водата од страна на Центар за јавно здравје Кочани, за што до училиштето се доставуваат извештаи од тестирањето.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Од страна на училишниот педагог, со учениците биле организирани работилници, (со учениците од VI одделение, реализирана е работилница „Болести на зависност - пушење“,со учениците од VII и VIII одделение, работилница на тема „Болести на зависност - алкохолизам и пушење“ и со учениците од IX одделение, организирано е предавања на тема „Болести на зависност - наркоманија, злоупотреба на дрогите - опасност за организамот“. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. На часовите на класната заедница се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти. Педагогот со ученици од VI до IX одделение, имаат реализирано работилници на тема „Врсничко насилство“ , со ученици од VIII и IX одделение

работилница „Справување со насилничко однесување“, со учениците од VII одделение, работилница „Реакции на омаловажување“ и со учениците од II и III одделение на одделенскиот час, преку програмата Образование за животни вештини, реализирана е работилница од наставната тема - Разрешување на конфликти, наставна единица - Праведни решенија 1 и 2. Во училиштето од страна на СВР Штип и Полициска станица - Виница, реализирана е едукативна работилница за препознавање и пријавување на случаите за насилство, злоупотреба и занемарување на децата, како и мерки за елиминирање на појавата на насилно однесување меѓу учениците.

Училиштето нема процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици, но во училиштето се организираат хуманитарни акции во соработка со Црвен крст - Виница. На денот на лицата со посебни образовни потреби, се собираат парични средства со кои за учениците со посебни потреби, се обезбедува и им се поделува училишен прибор.

### 4.2. Здравје

Хигиената во училишните простории и ходниците е добра.

Во централното и подрачното училиште, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Во учебната 2019/2020 година, дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на 22.01.2020 година и само дезинфекција на 28.08.2019 година.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), но и предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност, превенција од насилство итн.). Од почетокот на учебната 2019/2020 година, во соработка со Здравствен дом - Виница, реализрана е работилница за орално здравје.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи и вакцини за учениците, кои се вршат во Здравствениот дом во Виница за време на настава. Училиштето нема план за надополнување и реализирање на наставните часови.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки.

Се вршат и редовни систематски прегледи, за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

### 4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците во IX одделение, се организира работилница на тема „Професионална ориентација“, со цел да се запознаат учениците со терминот професионална ориентација.

Учениците пополнуваат прашалник за тоа кое образование би го избрале при нивното понатамошно школување, за што добиваат повратна информација.

Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование.

Стручната служба води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование.

Во училиштето е идентификуван еден ученик со емоционални потешкотии. За надминување на состојбата, од страна на училишниоте педагог се организираат индивидуални средби со ученикот и родителите.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката.

Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден.

# 5 . УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Најголем број од наставниците уживаат респркт кај родителите и учениците и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Раководниот орган и училишниот педагог имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето има донесено Кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите со кој се регулирани правилата на однесување во училиштето.

Училиштето нема пишани процедури за постапување во случај на кршење на правилата од страна на родителите. Во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување од страна на наставниците, пропишани со кодексот, се постапува согласно Законот за основно образование, Законот за работни односи и Законот за јавни службеници. Во изминатите три учебни години, не е покрената постапка против наставник заради непочитување на правилата.

Учениците со Кодексот на однесување се запознаени на почетокот на учебната година од страна на класните раководители. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки, согласно Правилникот за оценување, наградување, полагање испити, видови пофалби и награди и педагошки мерки.

Со Кодексот на однесување на родителите, родителите се запознаваат преку Брошура за родители и ученици, која им се поделува на родителите на почетокот на учебната година.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Споредбените податоци покажуваат дека во последните три учебни години нема ученици со намалено поведение.

Во учебната 2017/2018 година, изречени се 5 педагошки мерки (1 усна опомена и 4 писмени опомени) и во учебната 2018/2019 година изречена е една усна опомена.

Во училиштето е донесен Куќен ред, во кој се утврдени правилата на однесување во училиштето .

Училиштето има донесено и правила на однесување на учениците во ученичкиот дом и Програма за работа на ученичкиот дом. Од страна на воспитувачите, до училишниот педагог се доставуваат извештаи за сите квалификациони периоди кои се однесуваат на реализираните активности согласно Програмата за работа.

Во училиштето од почетокот на учебната 2019/2020 година, формиран е Ученички парламент, која има Годишна програма за работа. За реализацијата на содржините од програмата за работа, учениците добиваат поддршка од страна на училишниот педагог. Од почетокот на учебната 2019/2020 година, учениците преку Ученичкиот парламент, се носители на хуманитарна акција организирана за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби и активности за одбележување на Недела на детето,.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Училишниот педагог прибира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на патрониот празник, преку Facebook страната на училиштето, преку веб страната на општина Виница, општинскиот весник „Винеам“, локални медиуми Канал 8 и ТВ Стар.

Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците и во ходниците.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите ученици.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

Училиштето е вклучено во проектот на МОН за Меѓетничка интеграција, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници.

Во рамки на проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието“, партнер училиште на училиштето е ООУ„Врапчиште“ - Врапчиште, со кое во изминатите три години нема реализирано средби и активности.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор.

Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на Совет на родители, родителски средби, при индивидуални средби, Советување на родители.

Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и две родителски средби во второ полугодие. Училиштето има и отворен ден за соработка со родителите.

Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците, на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители.

Училиштето соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Подршката од општината е на добро ниво, особено во делот на средства за тековно одржување, финансиска помош за реализација на капитални проекти.

Училиштето соработува со институциите на локалната заедница: Полициска станица Виница, Центар за јавно здравство Кочани, Музеј „Теракота“ - Виница, Црвен крст Виница, Противпожарна единица – Виница, Градска библиотека „Ванчо Прќе“ – Виница, Здравствен дом Виница и др.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1.Сместување и просторни капацитети

Училишните згради се од тврда градба. Училишната зграда во централното училиште се состои од спрат и приземје. Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда во с.Блатец и во една училишна зграда во подрачното училиште во Липец.

Училишната зграда е изградена во 1935 година ( повеќе пати реконструирана) со вкупна површина од 914 м$^2$. Зградата располага со 13 училници и 2 кабинети (информатика и техничко образование), наставничка канцеларија, просторија за техничката служба, педагог библиотека, санитарни јазли, котлара, куња за исхрана на вработените и децата, мала чајна куња за вработените, архива и др. простории.

Училишниот двор со вкупна површина од 3 548 м$^2$ во него има зелен и асфалтиран дел каде што е лоциран спортски терен (за мал фудбал, кошарка, одбојка и ракомет). Дворот е ограден од сите страни со бетонска и метална ограда .

Во училишниот двор има фискултурната сала со површина од 729 м2 со стандардна висина, санитарни јазли гардероба, мала сала, трибини за гледачи и др.простории. Хигиената во фискултурната сала е добра. Кога временските услови се поволни наставата се реализира на отворените спортски терени.

Училиштето е обезбедено со 9 атестирани противпожарни апарати и видео надзор со три камери.

Вработените, учениците, ИКТ-технологијата и училишната зграда се осигурани во осигурителна куќа „ Евроинс Осигурување“.

Хигиената во училиштето е добра. За хигиената во училиштето придонесуваат редовните дежурства на наставниците и техничкиот персонал, како и одговорниот однос на учениците. Редовно на почетокот на учебната година, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училиштето.

Санитарните јазли се во доволен број, согласно бројот на учениците хигената во нив е добра.

Во централното училиште настава посетуваат 60 ученици од I до IX оддление, распоредени во девет чисти паралелки и една кобинирана паралелка. Наставата се реализира во една смена.

Училишната зграда во с.Липец изградена е во 1960 година со површина од 305 м$^2$, располага со 3 училници, просторија за наставниците, санитарни јазли и други простории. Училишниот двор е со површина од 305 м$^2$ со адаптиран спортски терени. .

Во подрачното училиште настава посетуваат 8 ученици од I до V оддление, распоредени во две комбинирани паралелки. Наставата се реализира во една смена.

Во дворот на подрачното училиште во село Липец има срушен ѕид во должина од 22 метри, на кој е потребна хитна санација.

Во состав на училиштето функционира и ученичкиот дом, кој локациски е одвоен од училиштето и се наоѓа на оддалеченост од околу 500 метри. Во Домот се сместени два ученика. Воспитна образовната работа во домот ја изведуваат тројца воспитувачи. Домот функционира со добро опремени соби, занимална, кујна, трепезарија, магацин и помошни простории и детска градинка.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.1. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување поради потребата од набавка на дополнителна нагледност, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето.

Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкета со наставниците, за дополнителна набавка на: ЛЦД-проектори, интерактивна табла, принтери, скенери, микроскопи, спортски реквизити, за нормално функционирање на воспитно–образовниот процес.Учењето и наставата се збогатени преку користењето на ИКТ од проектот „Компјутер за секој ученик“ во училиштето има 8 активни компјутери распоредени во 1 училница, 21 мали лап-топи за учениците и 20 мали лап-топи за наставниците. Поголем број на наставници ги користат сопствените компјутери за изработка на подготовки и планирања на наставата.

Училишната библиотека располага со 1 097 наслови или вкупно 7 540 книги од различен жанр ( лектирни изданија од I до IX одд – 135 наслови , стручна литература - 115, 847 книги се од: слободна литература, домашна литература, светска литература, изданија од нобеловци и др. Најголем број на книги се на македонски јазик додека мал број на книги се на други јазици. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Последна набавка на книги е лектири по новата наставна програма. Во библиотеката работат тројца наставници кој немаат полн фонд на часови и се дополнуваат до полно работно време. Библиотекарите имаат изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во книга и електронски. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 07.00 до 15.00 часот. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставата. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.

### 6.2. Обезбедување на наставен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 8 наставника во одделенска настава, 18 наставника во предметна настава и 3 воспитачи или вкупно 26 наставници и 3 воспитачи ( 28 со ВСС и 1 со ВШС ). Од наставниот кадар 11 наставници се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 1 наставник се вработени на неопределено работно време со неполн фонд на часови, 4 наставници се вработени на определено работно време со полн фонд на часови, 10 наставници се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови. Еден наставник е приправник со определен ментор. Двјца наставници се несоодветен по предметите Физика и Природни науки, училиштето редовно распишува оглас но не се пријавуват соодветни наставници. Мал број на наставници дополнуваат часови во друго училиште и обратно.

Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучен стручен соработник педагог. Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар, директорот и секретарот.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар во замена.

### 6.4 .Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот и педагогот увид во планирањата и преку активностите на стручните активи. Во оваа учебна година се посетени поголем број на часови од страна на директорот и педагогот.

Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата.

Од разговорите со наставниците и посетените часови се констатира дека е евидентна потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности.

Директорот обезбедува финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари, обуки доколку истата не е обезбедена од организаторот.

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците.

Постои соработка со наставници од други средни училишта, факултети и невладини здруженија во градот и пошироко.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.

Училиштето има пропишано процедура за наставниците приправници за навремено определување на метори реализација на приправничкиот стаж.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Од непосредниот увид во документацијата и разговорите со членовите на Училишниот одбор се констатира дека училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.

Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на Општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор.

Училиштето покрај буџетската сметка има и сопствена сметка. Приходи на сопствената сметка се остваруваат од продажба на: уплата за исхрана на ученици и родители во училишната кујна, сместување на ученици во домот, стари материјали, стара хартија и пластика.

Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот.

Во врска со јавните набавки во училиштето има формирано Комисија за јавни набавки од страна на директорот во која членува еден член од Училишниот одбор. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки.

Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето.

Раководниот орган познава механизми за обезбедување на дополнителни финансиски средства по пат на донации и спонзорства.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети се секогаш поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

Буџетот се користи за краткорочни цели или приоритети што се поврзани со подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

## 7.Управување/раководење со училиштето и креирање политика

### 7.1. Управување и раководење со училиштето.

Училишниот одбор е конституиран во согласност одредбите од Законот за основно образование, избраните и именуваните претставници од редот на наставниците, Локалната самоуправа и Совет на родители се со легитимни мандати.

Училишнот одбор има сопствена Годишна програма, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училишниот одбор работи според сопствен Деловник за работа со архивски број 02–311/3 од 24.12.2019 година, во кој се дефинирани постапките за свикување на состаноци, условите за предвремен престанок на мандат на членови итн.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 01-166/1 од 19.06.2019 година, Училишен одбор има донесено нов статут бр.01-22/01 од 23.01.2020 години и доставен до локалната самоуправа на општина Виница.

Состаноците се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Направени се и почетни чекори за превземање иницијативи за надминување на одредени состојби во училиштето.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Директорот на училиштето е избран со Одлука на Градоначалникот на Општина Виница архивски број 10-540/2 од 22.06.2018 година, за прв четиригодишен мандат.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, која е со архивски број 01–209/1 од 30.08.2019 година.

Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата, планирањата и водењето на педагошката евиденција на наставниците.

Во периодот на вршење на должноста директор и за време на мандатот на директорот се реализирани неколку проекти со кои се подобрени условите за работа во училиштето и квалитетот на наставниот процес.

Директорот учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина Виница како и со деловната заедница.

Генерално, постои подобрување во раководењето и управувањето со училиштето во изминатиот двогодишен период, но тој тренд мора да продолжи посилно и посеопфатно.

### 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Училиштето своите цели ги дефинира во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

Локалната образовна политика се спроведува преку активности за соработка со родителите, опфат и следење на редовност на учениците и вклучување во локални проекти, манифестации и настани.

Државните политики во училиштето се спроведуваат преку реализација на наставните планови и програми, дополнителна и додатна настава, слободни ученички и воннаставни активности. Проекти од Министерството за образование и наука кои се реализирани во училиштето се “Компјутер за секое дете“, интеграција на еколошкото

образование во образовниот систем и Мултиетничка Интеграција на Младите во Образованието (МИМО).

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цели.

### 7.3. Развојно планирање

Училиштето има изготвено Самоевалуација со архивски број 01-333/1 од 12.11.2018 година и Програма за развој со архивски број 01-185/1 од 03.08.2016 година.

Во Самоевалуацијата се опфатени сите седум подрачја на вреднување со применети анкети, истражување, разговори, анализи и констатирани состојби со јаки и слаби страни. Сите подрачја се вреднувани со највисоко квалитативно ниво. Програмата за развој (Развоен план) е изработена за период од четири години 2016-2020 година.

Во неа е дадено приоритет на шест подрачја за развој на училиштето:

1. Подобрување на нагледноста во наставата за поквалитетна настава;
2. Подобрување на инфраструктурата на училиштето;
3. Подобрување на квалитетот на наставата;
4. Поинтезивна соработка со родителите и локалната заедница;
5. Подобрување на поддршката на учениците и наставниците;
6. Промовирање на училиштето.

Подобрувањето во предвидените подрачја е планирано преку реализација на стратешки цели, за што се планирани посебни активности со временска рамка на реализација.

Од извршените анализи може да се констатира дека поголем број од стратешките цели се остварливи, дел од нив се завршени , помал дел од нив се отпочнати со реализција.

Сепак мора да се напомене дека во изминатите три години се реализирани неколку значајни проекти: Поставување на видео надзор во училиштето, замена на брави на сите врати на училници во училиштето , белење на внатрешен простор во цела училишна зграда во Блатец, замена на гипсени плочи на таван во канцеларии во централното училиште, поставување на завеси во канцеларии, набавени се канцелариски столови, набавка на работни мантили и работна облека за вработените, замена на столарија, фасада реновирање на тоалети во ученички дом, замена на врати во спортска сала и ПОУ с. Липец, поставување на ламинат во гардероба во спортска сала и училница во ПОУ с.Липец, санирање на скршени прозори во спортска сала , заштитна настрешница кај просторијата за парни котли, набавка на ЛЦД проектор, компјутер, лап-топ, набавени се табли , збогатен е библиотечниот фонд со нови наслови, набавка на подвижен кош во спортска сала , други реквизити, набавени се три бироа во одделенска настава и др.

## 8. Наоди и препораки

### 8.1. Јаки страни

- Добрата соработка со локалната заедница;
- Добро раководење, управување и финансиско работење на училиштето;
- Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот, етничката припадност и социјалниот статус на родителите;
- Мал број на изостаноци и примерно поведение на сите ученици;
- Нема ученици кои ја повторувале годината или биле упатени на поправен испит;
- Редовно учество на натпревари и постигање на солидни резултати;
- Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците, како и за целокупната воспитно-образовна работа на учениците со посебни образовни потреби;
- Активно учество во реализација на проектот за интеграција на еколошко образование во образовниот систем, учениците се вклучени во голем број на вonнаставни активности;
- Добри просторни услови, наставата се релизира во кабинети.

### 8.2. Слаби страни

- Комбинираната паралелка во оделенска настава во подрачното училиште во с.Липец не е формирана во согласност со законот за основно образование;
- Училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб;
- Мал број од наставниците се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.
- Нема проширена програма за прифаќање и заштита на учениците еден час пред и после завршувањето на редовната настава;
- Вакцинирањето на учениците се врши за време на настава, наставните часови не се дополнуваат;
- Пристапот во училишните згради не е прилагоден за влез на лица со телесни пречки во развојот, во училишниот двор во ПОУ во с.Липец срушен е потпорен ѕид.

### 8.3. Препораки

- Комбинираната паралелка во оделенска настава во подрачното училиште во с.Липец да се формирана во согласност со законот за основно образование;
- Да се регистрира училишен спортски клуб;
- Сите наставници да се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование;
- Да се изготви проширена програма за прифаќање и заштита на учениците еден час пред и после завршувањето на редовната настава;
- Вакцинирањето и систематските прегледи на учениците да се организираат по завршување на наставата или наставните часови да се дополнуваат;
- Пристапот на училиштето да се прилагоди за влез на лица со телесни пречки во развојот и да се санира потпорниот ѕид во училишниот двор во ПОУ во с.Липец.

**Тим на државни просветни инспектори,**

**1. Зоранчо Горгиев, раководител на тим** ____________________

**2. Сузана Секуловска, член** ________________________________

**3. Елена Павлова, член** _____________________________________